UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| **Study program** | **Одржлив туризам (120 ЕКТС)** |
|---|---|
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |

## Опис на програмата

Тргнувајќи од интересот на студентите и од искуствата на Факултетот, Факултетот ја разви студиската програма која ги има следниве цели: студентот да стекне општо знаење и разбирање за предметите од областа на туризмот, особено за поимот и содржината на одржливиот туризам; подготвување на студентите да планираат еден одржлив туризам, разбирање на животната средина и одржливоста, како и менаџмент на клиенти во туризмот.Програмата Одржлив туризам има примарна цел да им обезбеди на студентите знаења од областа на туризмот во функција на подигнување на свесноста за животната средина и за реализација на одржливиот развој на туризмот. Програмата им нуди на студентите широко познавање од областа на бизнисот и на туризмот и овозможува влијание врз глобалното општество.

По успешно завршување на овој предмет, студентите ќе бидат во можност:

- Да развијат свест за социо-културните и економски влијанија врз туризмот.
- Да стекнат знаење за потенцијалните мерки за исправање на негативните влијанија на туризмот.
- Да ја разберат и да ја ценат одржливоста во туризмот.
- ДА ги инкорпорира принципите за одржлив туризам во развојот и во менаџирањето со туристички дестинации и производи.
- Да демонстрира познавање и разбирање на предмети од областа на туризмот и неговата одржливост.
- Да демонстрира познавање и разбирање на прашања за туризам, како што се: одржлив развој на туризмот, влијанијата врз животната средина на туризмот, принципите на одржливиот туризам, нежен и одржлив туризам, студии на случај на (не)одржлив туризам итн.

## Кариера

После димпломирање студентите ќе се во можност:

- Да препознават, да дефинираат и да дадат приоритет на проблеми од областа на туризмот и деловни прашања според нивното значење, да се откријат потребите на локалното општество.
- Да  стекнат соодветни меѓучовечки, јазични, аналитички, организациски и комуникациски вештини.
- Да идентификуваат можни алтернативни решенија за посебни проблеми и да направат избор на најдобри методи и постапки во справувањето со нив.
- Да бидат активно вклучени во тренингот на секторските и микрорегионалните економски политики.
- Да изведуваат индивидуална и групна работа во одржливото туристичко истражување.
- Да собираат информации за кој и да било аспект од секторот и со тоа да придонесат подобро да се разберат феномените кои се случуваат во овој сектор на локално ниво, микрониво, макрониво или на регионално ниво.
- Да го подобруваат квалитетот на управување со туристичките претпријатија во земјава.
- Да подготовуваат на изводливи студии за инвестиции во овој регион и да ги проценуваат можностите за инвестирање кои произлегуваат од овој сектор.

- Да подготвуваат различни видови туристички аранжмани и индивидуални патувања.
- Да развиваат интегрирана, функционална мрежа меѓу давателите на услуги и клиентите.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Да демонстрираат познавање и разбирање на предмети од областа на туризмот и неговата одржливост.
- Да демонстрираат познавање и разбирање на проблемите на туризмот, како што се: одржлив развој на туризмот, влијанијата на туризмот врз животната средина , принципите на одржливиот туризам, екотуризам и одржлив туризам, студија на случај на (не)одржлив туризам итн.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Да ги применат своите знаења и разбирања во туристичката индустрија со решавање проблеми во нови или непознати средини.
- Да вршат независно истражување на туристичкиот пазар со анализа на нивните потреби и да управуваат со туристички планови, односи, дестинации, цени, промотивни активности, како и со продажба.
- Да работат во туристичката индустрија и во приватниот сектор кои дејствуваат во туристичкиот пазар.
- Да подготвуваат и да дизајнираат планови, како и да ги извршуваат потребни истражувања на пазарот за добивање автентични податоци за развивање стратегии од страна туристичките организации.
- Да размислуваат критички за маркетинг-прашања (производ, цена, место, промоција, луѓе) и за бизнис-ситуации во туризмот.

### Способност за проценка

- Да прават процена на маркетинг-импликации за одржлив туризам, како што се дизајн на услугата, ценовни стратегии, ефикасна промоција и задоволството на клиентите на систематски и креативен начин.
- Да прават процена на условите на пазарот (удел на пазарот, целни клиенти, позната и непозната животна средина) со цел да се планираат производи или услуги, да се координираат маркетинг-активностите во рамките на туристичката компанија, постојано да се врши контрола и следење на активностите во рамките на компанијата.
- Да размислуваат критички за проблемите на маркетингот (производ, цена, место, промоција, луѓе) и за бизнис-ситуации во туристички средини и да развиваат комуникациски вештини.

### Комуникациски вештини

- Да презентираат маркетинг-стратегии и планови во рамките на организацијата, на публика од различни институции и организации, користејќи соодветна форма на изразување за целата публика.
- Да водат и да иницираат на активности, земајќи ги предвид туристичките планови и стратегии.
- Да изберат правилни средства за комуникација, при промоција и продажба на производи / услуги.
- Да пренесуваат заење на новите генерации од областа на одржливиот туризам.

### Вештини на учење

- Да идентификуваат лична потреба и да прават селекција на соодветни ресурси.
- Да стекнуваат вештини и знаења.
- Да покажат самоиницијатива за независно истражување на потребите на пазарот, со цел да ги исполнат потребите и барањата на потрошувачите.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [6.0 ЕКТС] **Финансиско сметководство за туризам**
- [6.0 ЕКТС] **Политика за развој на туризмот**
- [12.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 1**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Маркетинг на туристички дестинации**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на човечки ресурси**
- [9.0 ЕКТС] **Изборен предмет 2/1**
- [9.0 ЕКТС] **Изборен предмет 2/2**

### Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Маркетинг-стратегии за развој на туризмот**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на туристички капацитети во Р. Македонија**
- [9.0 ЕКТС] **Изборен предмет 3/1**
- [9.0 ЕКТС] **Изборен предмет 3/2**

### Семестар 4

- [30.0 ЕКТС] **Магистерска работа**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Методологија на истражување**
  Главната цел на овој предмет е развивање на истражувачките методи и техники кои се употребуваат во студиите на туризмот. Овој предмет ќе им помогне на студентите да ги подобрат своите аналитички вештини, а и да ги употребуваат различни истражувачки методи во областа на туризмот. Фокусот ќе биде на прашањата од областа на примена на истражувачките методи, со кои се соочува бизнис-заедница во областа на туризмот, како на внатрешниот пазар така и на глобалниот пазар. Исто така, во рамките на овој предмет ќе се испитуваат улогата на истражувачките методи, нивната теоретска оправданост и нивната апликација во областа на туризмот. Овој предмет ќе им овозможи на студентите да употребуват различни аналитички техники и методи при своите истражувања во врска со прашањата поврзани за туризмот.

- **Финансиско сметководство за туризам**
  Целта на наставата по овој предмет е да им се помогне на студентите во разбирањето на суштината на сметководство. Предметот финансиско сметководство се однесува на основите на финансиското сметководство. Во рамките на овој предмет студентите се запознаваат со подрачјето на финансиското сметководство, а опфатени се следниве подрачја: општо за сметководството, книговодството, финансиските извештаи - биланс на состојба и успех, извештај за паричните текови и извештај за промените на сопственичкиот капитал, средствата и обврските и сл.

- **Политика за развој на туризмот**
  Главната цел на овој предмет е развивање на фундаменталните идеи за политиките и за планирањето на развојот на туризмот. Овој предмет ќе им помогне на студентите за да ги подобрат своите аналитички вештини и да ги употребуваат различните стратегии за политиките за развојот на туризмот. Фокусот ќе биде на прашањата од областа на политиките за развојот на туризмот, со кои се соочува бизнис-заедница во областа на туризмот, како на внатрешниот пазар така и на глобалниот пазар. Во рамките на овој предмет ќе се анализираат различните политики, планирањето и стратегиите и нивната апликација во областа на развојот на туризмот. Овој предмет ќе им овозможи на студентите да бидат свесни за развојот на сегашните и идните политики и за планирањето на туризмот во секоја област.

- **Маркетинг на туристички дестинации**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со: концептот на маркетингот на туристичките дестинации; специфичностите на маркетингот и менаџментот на туристичките услуги; интерниот, интерактивниот и екстерниот маркетинг како составен и интегриран маркетинг на туристичките услуги; значењето и пристапите кон набљудување на задоволството на корисникот на услугите и квалитетот на услугите; улогата и значењето на новите технологија (Интернет) во дизајнирање, понуда и маркетинг-комуникација во туристичките услуги.

- **Менаџмент на човечки ресурси**

Целта на предметот Менаџмент на човечки ресурси е да се запознаат студентите со важноста и улогата на управување со човечките ресурси кај современите деловни организации. Во рамки на овој предмет студентите ќе се запознаат со процесот на менаџментот на човечки ресурси како во теоријата така и во практиката на светските и домашните компании.

- **Маркетинг-стратегии за развој на туризмот**
  Преку маркетинг-стратегиите за развој на туризмот ќе се подготват студентите да ги употребуваат и да управуваат 4-П во туризмот, така што ќе бидат во можност да дизајнираат оптимални маркетинг-елементи, производи, цени, промотивни и дистрибутивни методи со кои се соочуваат компаниите. Маркетинг-решението вклучува внимателна анализа на ситуацијата, интелигентна употреба на истражувањето, како и на принципите на маркетингот. Целта на предметот е да се разбере комплексноста на одлуките во маркетинг-стратегиите за развој на туризмот, како и да се разберат рамките за анализа на пазари, клиенти, конкуренти, но и интегрирањето на концепти со оригиналниот маркетинг план.

- **Менаџмент на туристички капацитети во Р. Македонија**
  Преку предметот Менаџмент на туристички капацитети во Република Македонија студентите ќе стекнат специфични знаења околу менаџментот во туристичките капацитети со посебен осврт на менаџментот на туристички капацитети во Република Македонија. Имајќи ја предвид природата на предметот, тој ќе биде практичен и посебно внимание ќе се дава на практичните ситуации со кои се соочуваат деловните организации од областа на туризмот во Република Македонија.

- **Магистерска работа**
  По положувањето испити, студентот може да ја започне постапката на поднесување, подготвување и јавната одбрана на магистарската тезата. Студентот избира ментор, со чии инструкции го подготвува барањето за магистерската тезата. Барањето мора да биде дозволено од наставно-научниот совет на Факултетот. По подговување на конечната верзија на магистерскиот труд, Наставно - научниот совет на Факултетот формира трочлена комисија, која го подготвува извештајот, со кој се прифаќа или се одбива магистерскиот труд. Позитивниот извештај се одобрува од Наставно - научниот совет и се утврдува датумот за јавна одбрана. По успешното завршување на одбраната студентот стекнува диплома - Магистер по економски науки / Насока: Туризам.

## Изборни предмети

- **Управување со квалитетот во туризмот и хотелската индустрија**
  Главната цел на овој предмет е управувањето на најдобар начин со квалитетот на услугите во туризмот воопшто, а особено во хотелската индустрија. Главните прашања поврзани со целите на предметот: испорачувањето квалитетна услуга кон клиентите,значењето и важноста на квалитетот,вредноста на клиентот и на квалитетот на услугите, управувањето со процесот на квалитетот, неговото влијание врз организации и значењето на квалитетот на услугите на туризмот и концептот на угостителството заедно со пристапот на механизмот на управување со квалитет за обезбедување одлична услуга преку подобрување на менаџирањето на квалитетот.

- **Деловни договори**
  Целта на наставниот предмет е студентите да стекнат основни знаења од областа на деловните договори. Во таа насока студентите се запознаваат со: деловните субјекти, начинот на организирање на деловните субјекти, условите за основање и упис на деловните субјекти и трговецот поединец како и начините на престанување на деловните субјекти, начините за основање на некој деловно-правен однос, условите за настанување на тие односи, ефектите и последиците, видовите деловни договори, начините на решавање на споровите кај деловните договори и др.

- **Рурален туризам во Република Македонија**
  Главната цел на овој предмет е развивање на менаџерските разбирања на руралниот туризам во Република Македонија. Овој предмет ќе им помогне на студентите да ги подобрат своите аналитички вештини, да донесуваат одлуки и да ги спроведуваат при дизајнирање на руралниот туризам во Македонија. Фокусот ќе биде на руралниот туризам во РМ и на прашањата со кои се соочуваат фирмите кои работат во многу делови на земјава. Поконкретно, во рамките на овој предмет ќе се испита улогата на руралниот туризам во

Македонија и ќе се направи преглед на нејзината теоретска оправданост; ќе се обезбеди преглед на бизнисот во Р. Македонија, како што се структурата, проблемите и можностите, предизвиците, како и на политичките, културните, правните и економските услови во Македонија итн. Исто така во рамките на овој предмет ќе им се овозможи на студентите да демонстрираат како да управуваат со руралниот туризам.

- **Екотуризам во Република Македонија**
  Основна цел на овој предмет запознавање со можностите на екотуризмот, како најважен дел од екотуризмот. Принципите на концептот на одржлив развој се застапени во речиси сите области на економската, социјалната, правната сфера, но и во другите сфери. Во рамките на овој предмет студентите ќе стекнат аналитички вештини за проучување на потенцијалите на туризмот кој е во согласност со концептот на одржлив развој и со заштитата и унапредување на животната средина. Во рамките на програмата ќе се изучува и компаративниот систем на екотуризмот во земјите во Европа и во регионов.

- **Туризам и меѓукултурни релации**
  Главната цел на овој предмет е развивање на менаџерските разбирања за туризмот и меѓукултурните релации. Овој предмет ќе им помогне на студентите за да ги подобрат своите аналитички вештини, да донесуваат одлуки и да ги спроведуваат при дизајнирање на туризмот и меѓукултурните релации. Фокусот ќе биде на туризмот и на менаџерските меѓукултурните релации, прашањата со кои се соочуваат фирмите кои работат во многу делови на светот. Поконкретно, во рамките на овој предмет ќе се испита улогата на туризмот на светските пазари и ќе се анализира нејзината теоретска оправданост; ќе се обезбеди преглед на бизнисот во меѓународни рамки, како што се структурата, проблемите и можностите, предизвиците, како и политичките, културните, правните и економските услови во странство итн. Преку овој предмет студентите ќе бидат во можност и да демонстрираат како да управуваат со туризмот и со меѓународните релации.

- **Менаџмент на клиенти во туризмот**
  Главната цел на овој предмет е развивање на менаџерските разбирања на клиентите во туристичките услугите. Овој предмет ќе им помогне на студентите за да ги подобрат своите разбирања во менаџирање на стратегии во туризмот со што би се подобрил квалитетот на услугите и би се задоволиле очекувањата на туристите и на другите клиенти. Целта на овој предмет е да се воведат, да се дискутираат и да се анализираат неколку важни теми поврзани со туристичките организации. По успешното завршување на овој предмет, студентите се стекнат знаења за предизвиците вклучени во менаџментот на клиенти во туризмот.

- **Иновативност во туризмот**
  Целта на наставата по овој предмет е да им се помогне на студентите во разбирањето на суштината и на улогата на иновациите во секторот на туризмот, како важна компонента на целокупниот економски развој. Во тие рамки ќе се укаже на: основните карактеристики на иновациите, процесот на иновирање,принципите и правилата кои треба да се имаат предвид при процесот на иновирање во секторот на туризмот и конкуренцијата и иновациите во туризмот. Притоа, посебно внимание ќе се посвети на развојните стратегии за иновации во угостителските претпријатија и во туристичките агенции, на нивното спроведување и на начините на финансирање, со крајна цел, нудење на сè поквалитетни производи и услуги на клиентите, т.е. туристот. Потоа, ќе се третираат и владините и невладините институции коишто треба да поддржат иновации во туризмот и нивно заштита.

- **Маркетинг на услуги**
  Главната цел на овој предмет е развивање на менаџерските разбирања на маркетинг-услугите. Овој предмет ќе им помогне на студентите да ги подобрат своите разбирања во дизајнирањеto маркетинг-стратегии за подобрување на квалитетот на услугите, значи задоволување на очекувањата на потрошувачите. Целта на овој предмет е да се дискутираат и да се анализираат неколку важни теми поврзани со услужните организации. По успешното завршување на овој предмет, студентите ќе стекнат знаења за предизвиците вклучени на маркетингот на услуги, со што ќе ги идентификуваат разликите меѓу маркетингот во услуги наспроти маркетингот кај организациите на производство. Овој предмет исто така ќе им овозможи на студентите да ги идентификуваат и да ги анализираат различните компоненти на маркетинг-миксот на услуги.